**ЗАПИСНИК**
***од Петтата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 27 декември 2011 година, сала Борис Трајковски, Собрание на Република Македонија (заедничка седница со Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија)***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања започна во 10.15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г.Хајрула Мисини, претседател на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија.

На заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања беа поканети претставници од амбасадите на земјите-членки на Европската унија. На седницата присуствуваа претставници од Амбасадата на Кралство Шпанија, Амбасадата на Република Франција и Амбасадата на Република Бугарија.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања, г.Илија Димовски, г.Александар Спасеновски, г.Талат Џафери, г. Тито Петковски, г.Гордан Георгиев и г.Антонијо Милошоски, пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г.Арбен Љабеништа пратеник и заменик член на Советот, г.Павле Трајанов, г-ѓа Косана Николиќ-Мазнева, г-ѓа Владанка Авировиќ, г-ѓа Маринела Тушева, г. Ивон Величковски, г.Миле Пачемски, пратеници и членови на Комисијата за европски прашања, г.Ѓорѓи Коџабашиев, г.Сафет Бишевац и г-ѓа Станка Анастасова, пратеници и заменици членови на Комисијата за европски прашања, г.Димитар Мирчев член на Советот и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, г. Живко Митревски претставник на Советот од Сојузот на синдикати на Македонија, г.Дојчин Цветановски претставник на Советот од Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, г-ѓа Тања Хафнер Адеми претставник на Советот од Граѓанската платформа на Македонија, г. Трајче Минов претставник од Евангелско-методистичката црква и г. Митко Алексов од Сојузот на стопанските комори и заменик претставник во Советот.

На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и од Секретаријатот за европски прашања, и медиумите.

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

1. Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2011 за периодот од 01.07.2011- 31.09.2011;

2. Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2011 за периодот од 01.04.2011- 31.06.2011;
3. Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2011 за периодот од 01.01.2011- 31.03.2011.

На предлог на претседавачот со седницата на двете тела, се водеше заедничка расправа по трите точки од усвоениот дневен ред.

Трите информации за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) - ревизија 2011, пред членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања ги презентираше г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања. Во однос на содржината на информациите, г-ѓа Арифи истакна дека претставува сублимат од сите обврски кои се дел од акциските планови и НПАА, ревизија 2012. Госпоѓа Арифи изрази задоволство од пресудата донесена од Меѓународниот суд во Хаг по однос на Привремената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција и истакна дека пресудата недвосмислено дава дополнителен поттик за двете страни да изнајдат заедничко решение за спорот за името.

Во однос на политичките критериуми, г-ѓа Арифи информираше дека препораките на ОБСЕ и ОДИХР за создавање на поквалитетен изборен процес во Република Македонија, веќе се земени во предвид при што е формирана работна група за адресирање на истите. Во однос на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, г-ѓа Арифи констатира значаен напредок особено во однос на употребата на јазикот на немнозинските заедници во Република Македонија со донесување на Законот за употреба на јазиците, правичната застапеност на немнозинските заедници во Република Македонија, како и одличниот напредок во однос на децентрализацијата, истакнувајќи дека нови 5 општини веќе се во втората фаза од фискалната децентрализација. Приоритет на Владата на Република Македонија остануваат независноста на судството и судските реформи. Во тој контекст, вицепремиерот за европски прашања на Република Македонија истакна дека во 2011 година во сила стапија измените на Законот за избор на судии во однос на изборот на кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители. Од 71 избран кандидат за пополнување на слободните работни места во правосудството, г-ѓа Арифи потенцираше дека 51 доаѓаат од Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Моделот 50% од избраните кандидати да доаѓаат од Академијата за судии и јавни обвинители и 50% да се избираат од кандидати кои не доаѓаат од Академијата и одговара на Република Македонија и тој ќе продолжи да се применува имплементирајќи го принципот на правична застапеност. Во рамки на судскиот систем, по барање на Европската унија, зголемена е ефикасноста на Вишиот управен суд и се зајакнуваат финансиските капацитети на обвинителството. Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2012 и акциските планови содржат мерки кои се однесуваат на судскиот систем.

Госпоѓа Арифи потенцираше дека реформите во јавната администрација се конструктивна ориентација на сите политички чинители. Во однос на реформите, усвоени се измени и дополнувања на Законот за општа управна постапка, воведен е едношалтерски систем, за прв пат се воведе новиот систем за тестирање при вработување во администрацијата и истиот за прв пат е применет кај вработувања на кандидати од немнозинските заедници.

Во однос на слободата на изразување, г-ѓа Арифи истакна дека дијалогот со претставниците на медиумите е конструктивен и се одржува на високо ниво. Формирана е работна група со Здружението на новинари на Македонија. По однос на прашањето на де-криминализација на клеветата во Министерството за правда формирана е работна група која работи на соодветните измени во Кривичниот законик на Република Македонија.

Во однос на регионалната соработка, земјите од Западен Балкан имајќи ја предвид стратешката определба за членство во ЕУ, активно се вклучени во взаемната помош и споделување на искуствата.

Во расправата на заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања, со свои дискусии, сугестии и препораки, учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г.Гордан Георгиев, г.Антонио Милошоски, г.Тито Петковски и г.Илија Димовски, пратеници и членови на Советот, г. Ивон Величковски, г. Павле Трајанов членови на Комисијата за европски прашања, г. Изет Зеќири пратеник и г-ѓа Тања Хафнер Адеми претставник од Граѓанската платформа на Македонија.

Седницата на Советот заврши во 12.50 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Петтата седница на Националниот совет за евроинтеграции и списокот на присутни членови и нивни заменици и претставници на Советот и нивни заменици.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Радмила Шекеринска**

бр. 30-1217/1
15.03.2012

**РАКОВОДИТЕЛ НА**
**СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Даниела Велковска**

Подготвил: Ц. Најдески
Контролирал: И. Коробар
Одобрил: Д. Велковска